**ЗАПИСНИК**

од втора форумска сесија во Североисточен плански регион

**Датум: 27.04.2022**
**Место: Ресторан „Грација“ - Куманово**
**Час: 10:00**
**Присутни граѓани:** вкупно: 52 Мажи: 31 Жени: 21 Гости: 5 Ранливи групи: 0 Млади: 11
**Модератор:** Гонце Јаковлеска
**Ко-модератор:** Јелена Мишиќ

**Програма на сесијата** (точки, според дневниот ред на дадената сесија)**:**

| |
|---|
| Презентација на целите на сесијата и осврт на оценката од претходната сесија<br>Преглед на претходната сесија и работата меѓу сесии<br>Презентација на начинот на гласање<br>Потсетување на правилата за избор на проекти<br>Презентација на предлог концептите подготвени од страна на надворешниот консултант – **поврзани со избраните приоритетни области** од Програмата за развој на СИПР (2021-2026)-**Грантова шема МЛС/СДЦ**<br>Приоретизирање на проекти (рангирање по работни маси)<br>Соопштување на резултатите<br>Презентација на предлог концептите подготвени од страна на надворешниот консултант – **поврзани со Програмата за рамномерен регионален развој на МЛС/БРР)**<br>Приоретизирање на проекти (рангирање по работни маси)<br>Соопштување на резултатите<br>Затворање и оценка на форумска сесија |

**Тек и содржина на сесијата**

*Клучни презентации, говори, дискусии и предлози од граѓаните (по точки од дневниот ред)*

| |
|---|
| Модераторот ги поздрави присутните и на кратко го презентираше дневниот ред за форумската сесија. Откако присутните се согласија дека ќе работат по тој дневен ред, модераторот ги покани да го погледнат записникот од првата форумска сесија. Таа накратко ги потсети како се одвиваше претходната сесија и побара да погледнат дали добро се одразени нивните дискусии. Присутните немаа забелешки на записникот, па работата на форумот продолжи понатаму според планираното.<br>Модераторот ги презентираше критериумите за избор на проекти. Таа ги потсети учесниците каков тип на инвестиции се поддржуваат со овој проект односно дека се поддржува изградба, реконструкција, реновирање и адаптација на објекти како и набавка на соодветна опрема. Проектот мора да претставува проектна целина и да ги содржи задолжителните компоненти: социјална инклузија, дигитална компонента, родова еднаквост и влијание на животна средина.<br>Во следната презентација, модераторот ги објасни правилата на гласање односно приоретизирање на концептите. Таа истакна дека приоретизацијата се одвива по работни маси и дека учесниците треба да постигнат консензус. Најприоритетните концепти се бодуваат најмногу, а бодовите се намалуваат со намалувањето на приоритетот. За концептите кои добиле најголем број поени ќе се подготват предлог проекти кои ќе се доставуваат до Комисијата за евалуација.<br>Надворешниот експерт Денис Жерновски, во соработка со Центарот за развој на СИПР подготви вкупно четири концепт решенија за финансиите од Грантовата шема кои ги земаа предвид проблемите што ги идентификуваа учесниците на првата форумска сесија. На учесниците им беа презентирани следните концепти:<br>**Концепт 1** Авантура парк „Калин камен“ - регионална туристичка атракција.<br>**Концепт 2** Реконструкција и адаптација на стар здравствен објект за општа пракса (амбуланта) во |

Регионална противпожарна станица за рана детекција на пожари во СИПР

**Концепт 3** Регионален културно –туристички центар (LIFE HUB)

**Концепт 4** Заштита и превенција од пожари во микрорегионот: Куманово–Липково-Старо Нагоричане (Fireshield).

По презентацијата, на учесниците им беа поделени гласачките ливчиња и тие почнаа со дискусијата и усогласувањето по работни маси. Секоја работна маса ги приоретизираше предложените концепти со бодови од 1 до 4 (1 за најниско рангиран до 4 за највисоко рангиран. Секое од гласачките ливчиња беше верификувано со печат и потпис. Рангирањето на концептите го соопштија претставници на работните маси. Бодовите беа ставени во посебна табела и учесниците имаа можност да ги следат резултатите. По завршувањето, модераторот уште еднаш го прочита конечното рангирање на концептите:

1. Заштита и превенција од пожари во микрорегионот: Куманово-Липково-Старо Нагоричане (Fireshield)...17 бодови
2. Авантура парк „Калин камен" - регионална туристичка атракција----------------------------16 бодови
3. Регионален културно – туристички центар (LIFE HUB)-------------------------------------------15 бодови
4. Реконструкција и адаптација на стар здравствен објект за општа пракса (амбуланта) во Регионална противпожарна станица за рана детекција на пожари во СИПР----------------12 бодови

Потоа надворешниот експерт ги презентираше концептите од Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативни средства за 2023 година на МЛС /БРР. Надворешниот експерт во соработка со Центарот за развој на СИПР подготви вкупно шест концепти врз основа на проблемите што ги идентификуваа учесниците на првата форумска сесија. Бе презентирани следните концепти:

**Концепт 1** Реконструкција на улица во с.Матејче, општина Липково.

**Концепт 2** Реконструкција на ул. Св. Јоаким Осоговски на потег од Осички мост до спој со магистрален пат А2,Општина Крива Паланка Фаза 1 од 0+000.00 до 0+400.01 и Фаза 2км 0+400.00 до 0+799.03

**Концепт 3** Набавка на полу-подземни контејнери за смет и набавка на повеќенаменска градежна машина за интервенции во зачувување на животната средина, за потребите на општина Куманово.

**Концепт 4** Санација на пешачки патеки во Град Кратово и набавка на Скип

**Концепт 5** Зачувување на животната средина преку изградба на канализациска мрежа во село Лубинци, општина Ранковце и набавка на градежни машина за брзи интервенции при поплави и одрони.

**Концепт 6** Реконструкција на локален пат во село Коинце, општина Старо Нагоричане.

ентацијата се повтори постапката од претходното приоретизирање. На учесниците им беа поделени гласачките ливчиња и тие почнаа со дискусијата и усогласувањето по работни маси. Секоја работна маса ги приоретизираше предложените концепти со бодови од 1 до 6 (1 за најниско рангираниот до 6 за највисоко рангираниот). Секое од гласачките ливчиња беше верификувано со печат и потпис. Рангирањето на концептите го соопштија претставници на работните маси. Бодовите беа ставени во посебна табела и учесниците имаа можност да ги следат резултатите. По завршувањето, модераторот уште еднаш го прочита конечното рангирање на концептите:

1. Санација на пешачки патеки во Град Кратово и набавка на Скип--------------------------29 бодови
2. Реконструкција на ул. Св. Јоаким Осоговски на потег од Осички мост до спој со магистрален пат А2,Општина Крива Паланка Фаза 1 од 0+000.00 до 0+400.01 и Фаза 2км 0+400.00 до 0+799.03--------------------------------------------------------------------------------23 бодови
3. Реконструкција на улица во с. Матејче, општина Липково-----------------------------------20 бодови
4. Набавка на полу-подземни контејнери за смет и набавка на повеќенаменска градежна машина за интервенции во зачувување на животната средина, за потребите на општина Куманово----------------------------------------------------------------------------------20 бодови
5. Зачувување на животната средина преку изградба на канализациона мрежа во село Љубинци, општина Ранковце и набавка на градежни машина за брзи интервенции при поплави и одрони.--------------------------------------------------------- 19 бодови
6. Реконструкција на локален пат во село Коинце, општина Старо Нагоричане.-----------15 бодови

*Заклучоци и препораки*

Форумот ги исполни целите од втората сесија.
Беа презентирани концептите за **Грантова шема МЛС/СДЦ** и концептите за **Програмата за рамномерен регионален развој на МЛС/БРР**
Беа приоретизирани три концепти за **Грантова шема МЛС/СДЦ**
Беа рангирани шест концепти за **Програмата за рамномерен регионален развој на МЛС/БРР**

**Резултати од евалуација на форумската сесија:**
Вкупно 40 од присутните граѓани го пополниле и доставиле формуларот за оценка.
Според одговорите, најголем број ја сметат сесијата за корисна и велат дека ги остварила нивните очекувања.
Од одговорите може да се види дека 65% (26 граѓани) сесијата ја оцениле со 5; 27,5% (11 граѓани) со 4; 7,5% (3 граѓани) со 3.
Од присутните кои пополниле прашалник 32% ( 13 граѓани) се жени, а 68% (27 граѓани) се мажи.
Според етничка припадност, од оние кои одговориле, 77,5% се Македонци, 15% се Албанци, 5% се Срби и 2,5 % се Роми. Млади биле 20% (8 граѓани)

**Прилози:**

- ☐ Покана и дневен ред, Листа на учесници – општ список, Листа на учесници по работни маси
- ☐ Фотографии
- ☐ Изјави за медиуми (https://www.youtube.com/watch?v=1e9V38GntK4)

Модератор
Гонце Јаковлеска
------------------------------------------------

Записникот го подготвиле
Мухамед Сељмани
------------------------------------------------

Јелена Мишиќ
------------------------------------------------

**Прилози-** Табела согласно активности по сесија

**Табела 1.1.** Приоритетни области (сесија 1)

| Р. бр. | Област | Предложено од | Рангиран/избран | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | |
| 2 | | | | |
| 3 | | | | |
| 4 | | | | |
| 5 | | | | |
| 6 | | | | |

**Табела 1.2.** Идентификувани клучни проблеми и препораки од првата форумска сесија (сесија 1)

| Дефиниран проблем | Препорака за решавање-предлог идеа | Препорачано од/до | Забелешка |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**Табела 2.2.** Презентирани концепти и препораки од втората форумска сесија (сесија 2)

| Препорака -предлог идеа/концепт | Препорака за подобрување | Забелешка |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

**Табела 2.2.** Одлуки од форумот на втората форумска сесија-Грантова шема

| Р. бр. | Наслов на концептот | Носител/Партнер | Буџет (МКД) | Број на поени | Ранг број | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Заштита и превенција од пожари во микрорегионот: Куманово-Липково-Старо Нагоричане (Fireshield) | Центар за развој на СИПР | 21.644.000 | 17 | 1 | |
| 2 | Авантура парк „Калин камен" - регионална туристичка атракција | Центар за развој на СИПР | 21.525.000 | 16 | 2 | |
| 3 | Регионален културно-туристички центар LIFE HUB | Центар за развој на СИПР | 19.000.000 | 15 | 3 | |
| 4 | Реконструкција и адаптација на стар здравствен објект за општа пракса (амбуланта) во регионална противпожарна станица за рана детекција на пожари во СИПР | Центар за развој на СИПР | 20.000.000 | 12 | 4 | |

**Табела 2.2.** Одлуки од форумот на втората форумска сесија-БРР/МЛС

| Р. бр. | Наслов на концептот | Носител/Партнер | Буџет (МКД) | Број на поени | Ранг број | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Санација на пешачки патеки во град Кратово и набавка на скип | Центар за развој на СИПР/Општ. Кратово | 7.980.432 | 29 | 1 | |
| 2 | Реконструкција на ул. Св. Јоаким Осоговски на потег од Осички мост до спој со магистрален пат А2, Општина Крива Паланка Фаза 1 од 0+000.00 до 0+400.01 и Фаза 2 км 0+400.00 до 0+799.03. | Центар за развој на СИПР/Општина Крива Паланка | 12.102.833 | 23 | 2 | |
| 3 | Реконструкција на улици во с. Матејче, општина Липково | Центар за развој на СИПР/Опш. Липково | 9.849.520 | 20 | 3 | |
| 4 | Набавка на полуподземни контејнери за смет и набавка на повеќенаменска градежна машина за интервенции во зачувување на животната средина, за потребите на општина Куманово | Центар за развој на СИПР/Општина Куманово | 27.226.050 | 20 | 4 | |
| 5 | Зачувување на животната средина преку изградба на канализациона мрежа во село Љубинци, општина Ранковце и набавка на градежна машина за брзи интервенции при поплави и одрони | Центар за развој на СИПР/Општина Ранковце | 6.361.518 | 19 | 5 | |
| 6 | Реконструкција на локален пат во село Коинце, општина Старо Нагоричане | Центар за развој на СИПР/ Општина Старо Нагоричане | 6.857.328 | 15 | 6 | |